Подготвил:
Александар КЕЛТАНОСКИ



## CYBER ЦЕНЗУРА




"Најмалку 25 држави во светот вршат цензура со блокирање на веб-страниците поради политички, општествени или други причини, бидејќи нивните влади тежнеат да воспостават рамнотежа над мрежата, која би требало да биде без граници", пишува во студијата на "OpenNet Initiative". Точниот број на вакви држави сигурно е поголем, бидејќи во истражувањето се опфатени 40 земји. Истражувачите дошле до заклучок дека наишле на многу повеќе цензура отколку што очекувале, што е знак дека Интернетот е дојден до точка која владите ја забележуваат и им пречи.
Кина, Иран, Тунис и Виетнам имаат најголеми филтри за политички веб-страници, додека Иран, Оман, Саудиска Арабија, Судан, Тунис, Обединетите Арапски Емирати и Јемен практикуваат најстроги општествени филтри, блокираат порнографија, коцкање и хомосексуални сајтови. Во некои земји има цензура, но таа е многу ниска, па така, на пример, во Јужна Кореја ги блокираат само страниците со информации за соседниот ривал Северна Кореја. Иако се очекувало, сепак во Русија и во Израел воопшто не се најдени знаци на цензура.

## MEIZU - MINIONE

Се зголемува бројот на iPhone клоновите кои ќе го нудат истото за многу помалку пари! Од "Apple" треба сè повеќе да се грижат, а особено за miniOne моделот од "Meizu". Варијантите одат со капацитет од 4 до 16 GB интерен диск, сите се со 533MHz ARM11 Samsung процесор, 128MB DDR (да, DDR) RAM, 3 мегапиксели камера, Bluetooth, WiFi, DMB мобилна телевизија, интегриран GPS и сè тоа на Windows Mobile 6 платформа. Да не го заборавиме и прекрасниот дисплеј со резолуција 720 x 480 и 3G поддршката. Ова неверојатно парче "smart phone" ќе се нуди по уште поневеројатна цена од 260 евра за верзија од 4 GB.









D A S
FA. ALIJA DAUTOSKI
POGREBEN INSTITUT
MEGJUNARODEN POGREBEN INSTITUT - STUTTGART. VRŠIME PREVOZ NA POČINATIOT SO AVTOMOBIL ILI AVION. BRZO, SIGURNO I KOREKTNO. OBEZBEDUVANJE NA SITE POTREBNI DOKUMENTI I OSTANATI POTREBI. RASPOLAGAME SO KOMPLETNA POGREBNA OPREMA. NAŠITE USLUGI SE, OD MESTOTO NA POČINATIOT OD SITE EVROPSKI ZEMJI DO MESTOTO NA POGREBOT !
EDINSTVEN MAKEDONSKI POGREBEN INSTITUT. PROVERENA USLUGA!
I VO NAJTEŠKITE MOMENTI NIE SME SO VAS! VI STOIME NA RASPOLAGANJE 24 ČASA
D I A B CH F NL MK



Büro Makedonija
Tel. 048 / 473 315
Mob. 070 / 711 788
70469 Stuttgart - Leobenerstr. 33
Feuerbach www.dautoski.de

Büro Stuttgart
Tel. 0711 / 8 17 78 72
Fax 0711 / 8 17 78 73
Mob. 0171 / 5 46 32 20
0172 / 7 62 20 49